# Пожари на отворен простор и шумски пожари

Пожар на отворен простор е секое неконтролирано горење на шума и на шумско земјиште, кој опфаќа и горење на земјоделска површина и пасиште, независно од зафатената површина, интензитетот и причините за негово настанување.



## Причинители и фактори за настанување на пожарите

Во 99% од случаите пожарите настануваат од човечка грешка. Луѓето предизвикуваат пожар, намерно или од незнаење. Анализите покажуваат дека 65% од настанатите пожари се предизвикани поради невнимание. Помал број пожари настануваат од удар од гром или од други природни влијанија.

## Да ги чуваме шумите за да нѐ чуваат и тие нас!

- Не фрлајте запалени цигари или остаток од запалени цигари (отпушоци) на отворен простор;
- Не палете скара на отворен простор и во близина на шума;
- Не дозволувајте децата да си играат со запалки, пламен и жар;
- Избегнувајте да користите работи на отворено што можат да предизвикаат пожар;
- Не оставајте ѓубре во шума поради можноста за самозапалување;
- Не палете ги стрништата;
- Не палете пасишта и голини;
- Почитувајте ги наредбите на надлежните органи за забрана за палење оган на отворен простор во период на зголемени пожарни опасности;
- Почитувајте ги знаците за забрана за пристап во областите каде што има голема опасност од пожари;
- Имајте на ум дека почетниот пожар се гаси со една чаша вода.



**Доколку вашата куќа се наоѓа во шумски предел или во близина на шума, потрудете се:**

- Во пречник од 20 метри околу куќата да ги исечете ниските растенија, да ги исчистите и да ги отстраните: сувата трева, лисја и гранки;
- Да го одржувате дворот - да отстранувате суви лисја и гранки, да не дозволувате гранките да ги допираат ѕидовите од куќата, ниту пак покривите и балконите;
- Не чувајте запаливи материи и гориво во близина на куќата;
- Обезбедете ги соодветните противпожарни апарати и редовно сервисирајте ги;
- Обезбедете чешми со доток на вода и црево за вода со доволна должина за да ја покрие областа или површината што сакате да ја заштитите, како и резервоари со вода и неелектрична пумпа за вода.

## Реагирање во случај на пожар

**Доколку забележите пожар:**

- Повикајте го телефонскиот број 193 и дајте им прецизни информации за точната локација на пожарот;
- Опишете каква е вегетацијата што е зафатена со пожарот;
- Укажете доколку во близина постојат складишта со опасни материи;
- Укажете на правецот на ширење на пожарот и
- Не прекинувајте ја телефонската врска додека не ги дадете сите потребни информации.



**Доколку пожарот е во близина на вашата куќа:**

- Не напуштајте ја куќата, освен доколку не сте во потполност сигурни дека можете безбедно да се тргнете. Голема е можноста да се преживее во станбени објекти што се изградени од незапаливи материјали;
- Внесете ги во куќата сите членови од семејството и домашните миленичиња;
- Затворете ги сите прозорци и врати и блокирајте ги сите отвори со мокри ткаенини;
- Тргнете ги завесите од прозорците;
- Поместете го мебелот кон централниот дел од собата, подалеку од прозорецот;
- Затворете ги сите врати внатре во куќата;
- Обезбедете резерви со вода;
- Соберете се сите на едно место;
- Со вас имајте батериска ламба во случај да дојде до прекин со снабдувањето на електрична енергија.

**Доколку пожарот се шири кон вашиот дом:**

- Останете смирени;
- Сите запаливи материјали што се наоѓаат во близина на куќата преместете ги во затворени и заштитени места, за да не се предизвика дополнително ширење на пожарот;
- Затворете ги сите доводи на гас или гориво во близина на објектот;
- Овозможете им пристап на пожарникарските возила;
- Вклучете ги светлата внатре и надвор за да се зголеми видливоста низ чад, доколку е намалена видливоста.

Совет е да се спроведе евакуација само во крајни случаи во правци што не се загрозени од пожар и чад според упатства од надлежните служби.

**Кога ќе се изгасне пожарот:**

- Излезете од куќата и веднаш изгаснете ги преостанатите точки на пожар во близина;
- Обезбедете дежурства додека сите жаришта комплетно не се изгаснат, поради можноста да се појават помали пожари во близина на куќата/зградата и повторно да се запали.

## Последици од пожарите

Последиците од шумските пожари зависат од видот на пожарот, времетраењето на пожарот, видот на шумата и големината на опожарената површина. Пожарите предизвикуваат материјална штета, но и директно и индиректно имаат штетно влијание врз животната средина и ја намалуваат отпорноста на шумите и нивниот биодиверзитет.

**Запомнете:** Неизгасената цигара е најчест предизвикувач на шумските пожари. Цигарата никогаш не фрлајте ја од возило во движење. Кога сте во природа, отпушоците од цигари или остатокот од запалени цигари гасете ги секогаш внимателно.

---

ПОДГОТВЕТЕ СЕ ЗА ШУМСКИТЕ ПОЖАРИ ПРЕД ДА НАПАДНАТ, СЛЕДЕЈЌИ ГИ СЛЕДНИВЕ НАСОКИ:

**30м**

СОЗДАДЕТЕ ОДБРАНБЕН ПРОСТОР: ПОТРЕБНИ СЕ 30 МЕТРИ ОДБРАНБЕН ПРОСТОР ОКОЛУ ВАШИОТ ДОМ. НАУЧЕТЕ КАКО ДА ГИ ОДРЖИТЕ БЕЗБЕДНИ ДВЕТЕ ЗОНИ ОКОЛУ ВАШИОТ ДОМ.

**до 1 км**

ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШИОТ ДОМ. ЛЕТЕЧКИТЕ ЖАРЧИЊА МОЖАТ ДА ГИ УНИШТАТ ДОМОВИТЕ ДО 1 КИЛОМЕТАР ОД ОБЛАСТА ОПФАТЕНА СО ОГАН. НАУЧЕТЕ КАКО ДА ГО ЗАШТИТИТЕ ДОМОТ ОД ЗАКАНА ОД ШУМСКИ ПОЖАР.

ПОДГОТВЕТЕ ГО ВАШИОТ ДОМ И СЕМЕЈСТВО АКО Е НЕОПХОДНА ЕВАКУАЦИЈА.

1. ШТО
2. КАКО
3. КОГО
4. КОГА

НАПРАВЕТЕ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ШУМСКИ ПОЖАРИ.

ПОДГОТВЕТЕ ЧАНТА ЗА ПРВА ПОМОШ.

СОЗДАДЕТЕ СЕМЕЕН ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИЈА.

ПРЕД-ЕВАКУАЦИСКИ ЧЕКОРИ: ПОДГОТВЕТЕ ГО ВНАТРЕШНИОТ И НАДВОРЕШНИОТ ДЕЛ ОД ВАШИОТ ДОМ ЗА ЕВАКУАЦИЈА.

ПРЕГЛЕДАЈТЕ ЈА ЛИСТАТА НА ЕВАКУАЦИСКИОТ ПЛАН.

**ОДИ!**

ЕВАКУАЦИСКИ ЧЕКОРИ: КОГА Е НЕОПХОДНА ЕВАКУАЦИЈА, ПОДГОТВИ СЕ ДА ОДИШ.

ОСИГУРАЈТЕ СЕ ДЕКА ЧАНТАТА ЗА ИТНИ СЛУЧАИ ВИ Е ВО ВАШЕТО ВОЗИЛО.

ЗАШТИТЕТЕ СЕ ОД ТОПЛИНАТА И ЛЕТАЧКИТЕ ЖАРЧИЊА. НОСЕТЕ ДОЛГИ ПАНТАЛОНИ, БЛУЗА СО ДОЛГИ РАКАВИ, ТЕШКИ ОБУВКИ/ЧИЗМИ, КАПА, СУВА МАРАМА ЗА ДА ГО ПРЕКРИЕТЕ ЛИЦЕТО И ЗАШТИТНИ ОЧИЛА. ПРЕПОРАЧЛИВО Е ОБЛЕКАТА ДА Е ОД 100% ПАМУК.

ЛОЦИРАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ МИЛЕНИЧИЊА И ЗЕМЕТЕ ГИ СО ВАС.

ул. „Васко Карангелески“
бр. 8, 1000 Скопје
тел. 02/2433-384
факс. 02/2433-300
веб страна: www.dzs.gov.mk
e-mail: dzs@dzs.gov.mk
и press@dzs.gov.mk

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ • РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Поддржано од: EVN

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

ИДНИНАТА ИМ ПРИПАЃА НА ОНИЕ КОИ СЕ ПОДГОТВЕНИ

# ПРИРАЧНИК **ЗА НАМАЛУВАЊЕ** НА ЗАКАНИТЕ ОД ПОЖАРИ